Друштво за застапување во осигурувањето
ТРЕНД - МР АД
Бр. 0307/56
29.06.2024 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

Од одржано годишно собрание на акционери на Друштво за застапување во осигурувањето ТРЕНД-МР АД Скопје - Центар со ЕМБС 6419135, прилог тековна состојба на друштвото од 31.05.2024 година бр. 2005-50150020240194335, сочинет на ден 29.06.2024 година со почеток во 11 часот во просториите на друштвото на ул.11 Октомври 25 во Скопје.

**Дневен ред:**

1. Процедурален дел
   - Верификација на учесниците на Собранието
   - Избор на претседавач на Собранието
   - Избор на бројач на гласови.

2- Работен дел:

- Разгледување и усвојување на годишниот извештај и годишната сметка за работењето на друштвото во 2023 година со финансиските извештаи и донесување на одлука за нивно усвојување.
- Донесување на одлука за употреба на чистата добивка од работењето на друштвото во 2023 година.
- Разгледување на работата на Одборот на директори и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на друштвото.
- Разгледување и усвојување на ревизорскиот извештај на независните ревизори изготвен од Друштво за ревизија РЕВИДИЗО ДОО Скопје за работењето на ДЗО ТРЕНД МР АД Скопје за 2023 година.

**1.Точка**

Пред почетокот на собранието беа поделени гласачки ливчиња со број на гласови за секој акционер и работен материјал.

Седницата ја отвори акционерот Јово Ивановски а ке претседава до изборот на претседавач на собранието.

Претседавачот истакна дека собранието е свикано со испраќање на покани до акционерите бидејки друштвото има само два акционера, а со примена на член 389 став 2 и 3 од ЗТД бидејки акционерот Методија Мерџановски е починато лице па за него се јавуваат законските наследници за остварување на право на гласа во определни случаии согласно ЗТД.

Претседавачот истакна дека според Акционерската книга со состојба од 28.06.2024 година е дека друштвото има 15 000 обични акции со право на глас.

Видно од записникот на присутни акционери е дека се присутни:

- Лидија Мерџановска ул.Петар Манџуков бр.36А Бутел – Скопје лице со право на гласа во определен случај согласно член 389 став 2 и 3 од ЗТД за себе и како законски застапник на малотниот Иван Мерџановски, како законски наследници на починатото лице акционер Методија Мерџановски кој е запишна во акционерскта книга со ИБ. 0505963450103 со 7500 акции – гласа.

-Јово Ивановски ул.Јане Сандански 111-8 од Тетово ИБ. 1301967470043 со 7500 акции – гласа.

Претседавачот од своја страна констатира дека од стручните служби е доставен записникот за присутни акционери од кој се утврдува дека од вкупно 15 000 обични акци со право на глас според Акционерската книга на друштвото од 28.06.2023 година



CamScanner

присутни се 15000 обични акци со право на глас, записникот е потпишан од присутните, па според тоа верификувано е учеството на акционерите на Акционерското собрание и тоа може да работи и донесува полноважни одлуки според ЗТД и Статутот на друштвото.

На собранието присутни се и членовните од одборот на директори на друштвото како и вработени од стручните служби.

Потоа Претседавачот предложи да се почне со работа според дневниот ред.

Според процедуралниот дел на дневниот ред и тоа:

Избор на претседавач на собранието, избор на бројач, записничар и оверувач на записникот.

Акционерот Јово Ивановски даде предлог: За претседавач да се избере Јово Ивановски, за записничар и бројач на гласови Борис Алексовски за оверувач на записникот Лидија Мерџановска.

Собранието со 15 000 гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАН нема, донесе

ОДЛУКА

За претседавач се избира акционерот Јово Ивановски.

За записничар и бројач на гласови Борис Алексовски од стручната служба на друштвото,

За оверувач на записникот се избира Лидија Мерџановска.

Претседавачот предложи да се помине на дневниот ред од работниот дел

1.Точка

1. Разгледување и усвојување на годишниот извештај и годишната сметка за работењето на друштвото за 2023 година со финаннсиските извештаи и донесување на одлука за нивно усвојување.
2. Донесување на одлука за употреба на чистата добивка од работењето на друштвото во 2023 година.
3. Разгледување на работата на одборот на директори и одобрување на работата на членовите на одборот на директори на друштвото.
4. Разгледување и усвојување на ревизорскиот извештај на независните ревизори изготвен од Друштво за ревизија РЕВИДИЗО ДОО Скопје за работењето на ДЗО ТРЕНД-МР АД Скопје за 2023 година.

1. Точка.

Претседавачот на собранието истакна дека, писмен материјал е даден за работењето и финансиските извештаи, одборот на директори ги има усвоено годишниот и финансикиот извештај за работењето на друштвото и има дадено предлог одлука за распределбата на дивидендата со предлог да се усвојата од собранието на акционерите, бидејки работењето на друштвото е позитивно и со остварена добивка.

Според Годишната сметка вкупно остварени приходи од работење во 2022 година се 44.453.980,00 денари, по одбивање на вкупните трошоци добивката од работењето изнесува 2.586.270,00 денари, по одбивањето на даноците нето добивката изнесува 1.757.760,00 денари што позитивно е во овие услови на работа.



CamScanner

По водената дискусија Претседавачот на Собранието на акционери ги стави Предлог Одлуката на одборот на директори за усвојување на годишниот извештај и финансиките извештаи за работењето за 2023 година на гласање.

Бројачот на гласови констатира дека од 15 000 гласа: "ЗА" гласале 15 000 "ПРОТИВ" нема, "ВОЗДРЖАН" нема.

Според тоа Собранието со 15 000 гласа "ЗА" против нема, воздржан нема, на седницата одржана на ден 29.06.2024 година донесе

О Д Л У К А

СЕ усвојуваат Годишниот извештај за работењето на друштвото и финансиските извешатаи за работењето на друштвото за 2023 година изготвени според сметководствени стандарди во согласност со ЗТД.

**2.Точка**

Донесување на одлука за употреба на чистата добивка од работењето на друштвото во 2023 година.

Претседавачот истакна дека одборот на директори на друштвото има донесно предлог одлука за употреба на чистата добивка на друштвото кој е дадена со писмениоиот материјал па бидејки нема дискусија предлагама да собранието ја прифати предлог одлуката на одборот на директори и ја ставма на гласње.

Бројачот на гласови констатира дека од 15 000 гласа: "ЗА" гласале 15 000 "ПРОТИВ" нема, "ВОЗДРЖАН" нема.

Според тоа Собранието со 15 000 гласа ЗА против нема, воздржан нема, на седницата одржана на ден 29.06.2024 година донесе

О Д Л У К А

Остварената добивка во износ од 1.626.086,00 денари по оданочување и исплата на даноците на добиката да се употреби за реинвестирање во опрем на друштвот.

**Се задолжува директорот на друштвото да ја спроведе одлуката.**

**3.Точка**

Разгледување на работата на Одборот на директори и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на друштвото во 2023 година.

Претседавачот истакна дека поднесен е извештаја за работењето на одборот на директори на друштвото од кој се гледа дека одборот добро работел во 2023 година, и покрај тешките услови за работа, остварена е добивка во работењето па според тоа и предлагам да се одобри работата на членовите на одборот на директори и ја ставам на гласање.

Предлагам да се гласа за одбрување на работата за сите членови јавно.

Бројачот на гласови констатира дека од 15 000 гласа: "ЗА" гласале 15 000 "ПРОТИВ" нема, "ВОЗДРЖАН" нема.

Според тоа Собранието со 15 000 гласа ЗА против нема, воздржан нема, на седницата одржана на ден 29.06.2024 година донесе

О Д Л У К А



CamScanner

Се одобрува работата на членовите на одборот на директори за 2023 година :
Борис Алексовски Извршен член- Директор,
Јово Ивановски неизвршен член Претседател на одбор на директори,
Весна Алексовска неизвршен член на одбор на директори.

4.Точка
Разгледување на ревизорскиот извештај на независните ревизори изготвен од Друштво за ревизија РЕВИДИЗО ДОО Скопје и донесување на одлука за негово усвојување.

Претседавачот од своја страна истакна дека друштвото според Законот за финансиски институци и банки има обврска да врши ревизија на работењето и за тоа треба да го извести АСО на РСМ, за тоа дека е извршена ревизија на работењето на друштвото.

Друштвото од своја страна го ангажира Друштвот за ревизија РЕВИДИЗО ДОО Скопје да изврши ревизија на работењето на ДЗО ТРЕНД-МР АД Скопје за 2023 година.

Од страна на ревизорската куќа изготвен и доставен е ревизорски извештај од страна на ревизорите па во истиот нема зебелешки и констатција за неправилности при работењето на друштвото за 2023 година, па од овие причини предлагам да се усвои ревизорскиот извештај изготвен од Друштвот за ревизија РЕВИДИЗО ДОО Скопје. Го ставам на гласање ревизорскиот извештај за 2022 година.

Бројачот на гласови констатира дека од 15 000 гласа: "ЗА" гласале 15 000 "ПРОТИВ" нема, "ВОЗДРЖАН" нема.

Според тоа Собранието со 15 000 гласа "ЗА" против нема, воздржан нема, на седницата одржана на ден 29.06.2024 година донесе

О Д Л У К А

**Се усвојува ревизорскиот извештај изготвен од Друштво за ревизија РЕВИДИЗО ДОО Скопје за 2023 година за работењето на ДЗО ТРЕНД-МР АД Скопје.**

**Да се извести АСО на РСМ дека ревизорскиот извештај за 2023 година е разгледан и усвоен од собранието на акционери на друштвото.**

Бидејки дневниот ред е исцрпен со тоа заврши седницата на годишното Собрание на Акционери на ДЗО ТРЕНД МР АД Скопје.

Записничар
Борис Алексовски,
---------------------------

Претседавач на собранието,
Јово Ивановски,
---------------------------

Оверувач на записникот,
Лидија Мерџановска,
---------------------------

ТРЕНД - МР АД
Друштво за застапување во осигурување
СКОПЈЕ